# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 18 Март 2008 година<br>Службен гласник број 4<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |
|---|---|---|

***Адреса: Пиѿу Гули бр.2, ѿел.416-454,*** ***www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Заклужокот за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Прилеп за 2007 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 694/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 14.03.2008 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Прилеп за 2007 година

1. Се усвојува Годишниот Извештај на Општина Прилеп за 2007 година.
2. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 677/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.03.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Завршната сметка на Буџетот на ЕЛС Прилеп за 2007 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 694/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 4 од Статутот на ЕЛС Прилеп ("Службен гласник на ЕЛС Прилеп бр.6/2003 и бр.4/2005 ), Советот на ЕЛС Прилеп на седницата одржана на ден 14 март 2008 година, донесе

**З А В Р Ш Н А С М Е Т К А**
**НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС Прилеп**
**ЗА 2007 ГОДИНА**

Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа за 2007 година се состои од:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|

**-Вкупно приходи 408.949.699 денари 361.931.333 денари**

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 110.171.000 д | 81.456.065 денари |
| Неданочни приходи | 8.850.000 д | 7.884.053 д |
| Капитални приходи | 7.766.000 д | 2.755.229 д |
| Трансфери и дотации | 202.111.853 д | 214.680.976 д |
| Приходи од самофинанси активности | 58.346.408 д | 33.466.521 д |
| Донации | 832.270 д | 816.321 д |
| Пренесено салдо од година | 20.872.168 д | 20.872.168 д |

**-Вкупно расходи 408.949.699 денари 294.136.670,оо денари**

| | | |
|---|---|---|
| Утврдени намени | 406.949.699 д | 294.086.670 денари |
| Резерви | 2.000.000 д | 50.000 д |

**-Салдо на 31-12-2007 67.794.663,оо денари**

**Член 2**

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот буџет во износ од 55.746.215.,оо денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на основниот буџет на ЕЛС - Општина Прилеп за 2008 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на наменски дотации во износ од 2.795.419,оо денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на наменски дотации на ЕЛС-Општина Прилеп за 2008 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинансирачки активности во износ од 9.252.048,оо денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на самофинансирачки активности на ЕЛС-Општина Прилеп за 2008 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на донации во износ од 891,оо денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на донации на ЕЛС-Општина Прилеп за 2008 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа -Општина Прилеп за 2007 година и во Посебниот дел по програми и основни намени по економска класификација и тоа :

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа Општина Прилеп за 2007 година се прикажуваат расходите по програми, подпрограми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа-Општина Прилеп за 2007 година се објавува во Службениот гласник на единицата на локалната самоуправа-Општина Прилеп.

Број 07 - 677/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.03.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананција

## ЗАВРШНА СМЕТКА 2007 ГОДИНА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

| | ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА-ПРИЛЕП | Основен буџет | | Дотации | | Самофинансирачки активности | | Донации | | Кредити | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | БУЏЕТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација |
| | **ВИШОК НА ПРИХОДИ** | | **55.746.215** | | **2.795.419** | | **9.252.048** | | **981** | | **0** | | **67.794.663** |
| **7** | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **200.958.642** | **178.685.246** | **140.968.982** | **141.119.848** | **66.189.805** | **41.309.918** | **832.270** | **816.321** | **0** | **0** | **408.949.699** | **361.931.333** |
| **71** | **Даночни приходи** | **110.171.000** | **81.456.065** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **110.171.000** | **81.456.065** |
| 711 | Данок од доход, добивка и капитални добивки | 8.900.000 | 5.497.448 | | | | | | | | | 8.900.000 | 5.497.448 |
| 712 | Придонеси од плати за социјални фондови | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 713 | Даноци на имот | 31.500.000 | 33.311.153 | | | | | | | | | 31.500.000 | 33.311.153 |
| 714 | Домашни даноци на стоки и услуги | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 715 | Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки) | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 716 | Други даноци | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 69.271.000 | 42.341.515 | | | | | | | | | 69.271.000 | 42.341.515 |
| 718 | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 500.000 | 305.949 | | | | | | | | | 500.000 | 305.949 |
| 719 | Данок на финансиски трансакции | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **72** | **Неданочни приходи** | **8.850.000** | **7.884.053** | **0** | **0** | **58.346.408** | **33.466.521** | **0** | **0** | **0** | **0** | **67.196.408** | **41.350.574** |
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 722 | Такси и надоместоци | 4.050.000 | 3.447.176 | | | | | | | | | 4.050.000 | 3.447.176 |
| 723 | Административни такси и надоместоци | 600.000 | 210.600 | | | 56.703.248 | 32.732.708 | | | | | 57.303.248 | 32.943.308 |
| 724 | Други Владини услуги | 400.000 | 169.351 | | | | 11.250 | | | | | 400.000 | 180.601 |
| 725 | Други неданочни приходи | 3.800.000 | 4.056.926 | | | 1.643.160 | 722.563 | | | | | 5.443.160 | 4.779.489 |
| **73** | **Капитални приходи** | **7.766.000** | **2.755.229** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **7.766.000** | **2.755.229** |
| 731 | | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 732 | Продажба на стоки | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 7.766.000 | 2.755.229 | | | | | | | | | 7.766.000 | 2.755.229 |
| 734 | Капитални трансфери од невладини извори | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **74** | **Трансфери и донации** | **74.171.642** | **86.589.899** | **140.968.982** | **141.119.848** | **7.843.397** | **7.843.397** | **832.270** | **816.321** | **0** | **0** | **223.816.291** | **236.369.465** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 74.171.642 | 86.589.899 | 140.968.982 | 141.119.848 | 7.843.397 | 7.843.397 | | | | | 222.984.021 | 235.553.144 |
| 742 | Донации од странство | | | | | | | 832.270 | 816.321 | | | 832.270 | 816.321 |
| 743 | Капитални донации | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **75** | **Домашно задолжување** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 751 | Краткорочни позајмици во земјата | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 752 | Благајнички записи | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 753 | Долгорочни обврзници | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 754 | Домашно задолжување | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **76** | **Задолжување во странство** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 761 | Меѓународни развојни агенции | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 762 | Странски влади | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 769 | Други задолжувања во странство | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **77** | **Продажба на хартии од вредност** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 771 | Продажба на хартии од вредност | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **78** | **Приходи од отплата на заеми** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 781 | Приходи од наплатени дадени заеми | | | | | | | | | | | 0 | 0 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО 2007 ГОДИНА**

1. Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на советот на Општина Прилеп во 2007 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 694/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 14.03.2008 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Извештајот за работа на Советот на Општина Прилеп за 2007 година

1. Се усвојува Извештајот за работа на Советот на Општина Прилеп за 2007 година.
2. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 677/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.03.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗРШЕНИТЕ РАБОТИ ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА, ПРОГРАМА ЈД - ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ**

1. Заклучокот за усвојување на Извештајот за изршените работи по Програмата за комунално уредување на Општина Прилеп за 2007 година, Програма ЈД - изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 694/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 14.03.2008 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Извештајот за извршените работи по Програмата за комунално уредување на Општина Прилеп за 2007 година, Програма ЈД- Изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици

1. Се усвојува Извештајот за извршените работи по Програмата за комунално уредување на општина Прилеп за 2007 година, Програма ЈД- Изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици.
2. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 677/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.03.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО, ЗА ИЗГРАДБА НА ИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ Р-516 ПРИЛЕП - КРУШЕВО, М.В."РАЗЛЕИШТЕ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување Нацрт урбанистички план вон населено место, за изградба на индустриски комплекс на Регионалниот пат Р-516 Прилеп - Крушево, М.В."Разлеиште во Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 694/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Службен весник на РМ"бр.51/2005), член 22 став1, точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/2002) и член 14 став 1 точка 1 и член 26 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп"број 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на ден 14.03.2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување Нацрт Урбанистички план вон населено место- за изградба на индустриски комплекс ,на Регионалниот пат Р-516 Прилеп-Крушево ,м.в. "Разлеиште" ,во општина Прилеп**

**Чл.1**

Се утврдува **Нацрт на Урбанистички план вон населено место- за изградба на индустриски комплекс на Регионалниот пат Р-516,Прилеп - Крушево,м.в."Разлеиште",на КП бр,2998,2996,2961,2960,2959,2958/2 и 2957/2,КО Варош,**во Општина Прилеп, како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

Вака определениот плански опфат **е со површина од 2,27ха.**

**Чл.2**

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

**1.Одлука за дополнување на Програмата** за донесување на урбанистички планови за 2007год.,за Општина Прилеп бр.07-416/7 од 14.02.2007год.-донесена од Советот на Општина Прилеп.

**2. Елаборат за Услови за планирање на просторот** ,техн.бр.13807 од Јуни 2007год.,изработен од Агенција за планирање на просторот.

**3.Решение за Услови за планирање на просторот** бр.15-2765/4 од 03.07.2007год.,од Министерство за животна средина и просторно планирање од Скопје.

**4.Враќање на документација -** допис бр.17-11883/1 од 15.10.2007год.,од Министерство за транспорт и врски - Сектор за уредување на просторот-Скопје.

**5. Урбанистички план вон населено место- за изградба на индустриски комплекс на Регионалниот пат Р-516,Прилеп-Крушево ,во м.в."Разлеиште", во Општина Прилеп-фаза Нацрт план ,техн.бр.УП/100/08/07 од Јануар 2008год. изработен од ДООЕЛ "Форми" од Битола , кој содржи:**

-Решение за регистрација на фирмата

-Овластување на правното лице за изработување на урб. планови

- Лиценца за носител на изработување на урбанистички планнови

-Ажурирана геодетска подлога изработена од ДООЕЛг**ГПС Катастарг**од Прилеп.

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

-Текстуален дел

**-Графички прилози во документациона основа:**

-Извод од Просторен план на РМ
-Прегледна карта М=1:2500Постојна
-инфраструктура М= 1:1000

- **ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

-Текстуален дел
- Нумерички дел
- Услови за изградба
- Општи и посебни услови за изградба

**-Графички прилози во планската документација**

-План на намена на земјиштето М=1: 1000
-Регулационен план и план на површини за градење М=1: 1000
- Сообраќајно решение и нивелационен план М= 1:1000
-Инфраструктурен план М= 1:1000
-Синтезен план М= 1: 1000

**6.Извештај за извршена стручна ревизија** на Нацрт урбанистички план вон населено место Ђза изградба на индустриски комплекс во м.в."Разлеиште",Општина Прилеп,изработена од ДОО вПростор в од Куманово од Септември 2007год.

**7.Одговор на забелешките од Стручната ревизија** изработен од изработувачот на планот ДООЕЛ"Форми" од Битола, заверен во Општина Прилеп под бр.09-1781/3 од 26.09.2007год.

- **8.Стручно мислење бр**.17-11883 од 07.12.2007год. од МТВ-Сектор за планирање на просторот ЂСкопје.

**9.Одговор на забелешките од Стручното мислење** бр.09-497/2 од 21.02.2008год.,изработен од изработувачот на планот ДООЕЛ"Форми" од Битола.

**Чл.3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 677/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.03.2008 год. на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА**

1. Програмата за изменување и дополнување на Програмата за донесување урбанистички планови на територијата на Општина прилеп за 2008 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 694/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ" бр.51/2005 и 137/2007), член 22, став 1, точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26, став 1,точка 7 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп" број 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 14.03.2008 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за измена и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2008 година

член 1

Во Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2008 год.("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.1/2008),во глава ,

В-УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА

Се додава нова точка која гласи:
-урбанистички план за н.м.Големо коњари - измени и дополнувања.

член 2

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 677/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.03.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**

1. Заклучокот за усвојување на Одлуката за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 694/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 14.03.2008 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Одлуката за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион

1. Се усвојува Одлуката за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион број 08 - 1957/4 од 07.02.2008 година на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион.
2. Заклучокот и Одлуката за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион ќе се објават во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 677/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.03.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за 2007 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 694/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата , одржана на 14.03.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за 2007 година

1. Се дава согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп за 2007 година.
2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 677/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.03.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД НАДОМЕСТОК ЗА ПРОКОП НА УЛИЦИ И ВОДЕЊЕ НА ИНСТАЛАЦИИ НИЗ ТРУПОТ НА ПАТОТ КАКО И НАДОМЕСТОК ЗА НАДЗОР НАД ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ И ПРОКОПОТ НА УЛИЦИТЕ ПО ПРОЕКТОТ "РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА И КАНАЛИЗАЦИОНАТА МРЕЖА ВО ПРИЛЕП"**

1. Одлуката за ослободување од надоместок за прокоп на улици и водење на инсталации низ трупот на патот како и надоместок за надзор над градежните работи и прокопот на улиците по Проектот "Реконструкција на водоводната и канализационата мрежа во Прилеп", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 694/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Слижбен весник на РМ"бр.5/02) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03 и 4/05),Советот на општина Прилеп, претресувајќи го Барањето за ослободување од надоместок за прокоп на улици и водење на инсталации низ трупот на патот како и надоместок за надзор над градежните работи и прокопот на улиците по Проектот "Реконструкција на водоводната и канализационата мрежа во Прилеп", на седницата одржана на ден, 14.03.2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за ослободување од надоместок за прокоп на улици и водење на инсталации низ трупот на патот како и надоместок за надзор над градежните работи и прокопот на улиците по Проектот "Реконструкција на водоводната и канализационата мрежа во Прилеп"

Член 1

ЈКП"Водовод и канализација"-Прилеп се ослободува од надоместок за прокоп на улици и водење на инсталации низ трупот на патот како и надоместок за надзор над градежните работи и прокопот на улиците по Проектот "Реконструкција на водоводната и канализационата мрежа во Прилеп", согласно член 3 од Спогодбата помеѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за финансиска соработка во 1999 година по Проект "Водоснабдување на град Прилеп".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 677/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.03.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стevананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ПАЗАРИ" - ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП "Пазари" - Прилеп за 2007 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 694/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата , одржана на 14.03.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП "Пазари" Прилеп за 2007 година

1. Се дава согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП "Пазари" Прилеп за 2007 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 677/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.03.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 11 став 1 точка 4 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата , одржана на 14.03.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за усвојување на Извештајот за реализација на Оперативниот План на ЈКП "Комуналец" Прилеп за 2007 година

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Оперативниот План на ЈКП "Комуналец" Прилеп за 2007 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 677/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.03.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН НА ЈКП "КОМУНАЛЕЦ" - ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Извештајот за реализација на Оперативниот план на ЈКП Комуналец" - Прилеп за 2007 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 694/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА ЈКП "КОМУНАЛЕЦ" - ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Завршната сметка на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за 2007 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 694/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата , одржана на 14.03.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за давање согласност на Завршната сметка на ЈКП "Комуналец" Прилеп за 2007 година

1. Се дава согласност на Завршната сметка на ЈКП "Комуналец" Прилеп за 2007 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 677/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.03.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА "ТЕРМИНАЛ - КОМУНАЛЕЦ" ДООЕЛ - ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Завршната сметка на "Терминал - Комуналец" ДООЕЛ - Прилеп за 2007 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 694/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата , одржана на 14.03.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за давање согласност на Завршната сметка на "Терминал - Комуналец" ДООЕЛ – Прилеп за 2007 година

1. Се дава согласност на Завршната сметка на "Терминал - Комуналец" ДООЕЛ - Прилеп за 2007 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 677/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.03.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ЗА ПУП - ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Извештајот за финансиското работење на ЈП за ПУП - Прилеп за 2007 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 694/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата , одржана на 14.03.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Извештајот за финансиското работење на ЈП за ПУП - Прилеп за 2007 година

1. Се дава согласност на Извештајот за финансиското работење на ЈП за ПУП - Прилеп за 2007 година.
2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 677/15
14.03.2008 год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА НАСТАНАТИТЕ ПОЖАРИ И ДРУГИ НЕПОГОДИ ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Годишниот извештај за настанатите пожари и други непогоди за 2007 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 694/15
18.03.2008 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 14.03.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Годишниот Извештај за настанати пожари и други непогоди во текот на 2007 година

1. Се усвојува Годишниот Извештај за настанати пожари и други непогоди во текот на 2007 година
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 677/16
14.03.2008 год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА**

1. Решението за разрешување и именување членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 694/16
18.03.2008 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 391 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" 14/98), член 22 став 1 точка 4, член 32 и 36 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003) и членовите 4 и 5 од Одлуката за основање на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 4/2002), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 14.03.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за разрешување и изменување членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

1. Се разрешуваат членовите на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата именувани со Решение ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 5/2003 и 4/2006).

2. За членови на Општинскиот совет за безбеност на сообраќајот на патиштата се именуваат:
- Димитар Стевананџија, претседател;
- Оливер Лукароски, секретар;
- Илија Карески, член;
- Златко Петрески, член;
- Пеце Андоноски, член;
- Кирил Наумоски, член;
- Блаже Бошкоски, член;
- Љупчо Спиркоски, член;
- Златко Илиоски, член;
- Марјан Матракоски, член и
- Горан Јошески, член.

3. Решението да се достави до именуваните, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 677/18<br>14.03.2008 год.<br>П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општина Прилеп<br>Димитар Стевананџија

Врз основа на член 24, 25 и 26 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен Весник на РМ, број 63/07), а во согласност со член 14 од Законот за локалната самоупрва (Службен весник на РМ, број 5/02 година), Советот за развој на Пелагонискиот плански регион, на ден **07.02.2008 година**, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион

### Општи одредби

**член 1**

Заради вршење на стручни работи од значење на Пелагонискиот плански регион, се основа Центар за развој на Пелагонискиот плански регион.

**член 2**

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион има својство на правно лице и се регистрира пред надлежните државни институции, врз основа на Законот за рамномерен регионален развој.

**член 3**

Седиште на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион е во Општина Битола на улица Булевар 1 Мај, број 61.

### Делокруг на работа на Центарот

**член 4**

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион, ги врши следниве работи:

- Ја изготвува предлог-програмата за развој на планскиот регион;
- Изготвува предлог-акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Подготвува предог-проекти за развој на планскиот регион и за подрачјата со специфични развојни потреби;

1

- Ги доставува предлог-проектите за регионален развој, врз основа на утврдента листа на предлог-проекти од страна на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион, најдоцна до 15 декември во тековната година до Бирото за регионален развој;
- Ги координира активностите поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион;
- Склучува Договори со Бирото за регионален развој за реализација на проекти за развој на планскиот регион;
- Ги реализра проектите за развој на планскиот регион, во соработка со општините на кои се однесуваат;
- Подготвува годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;
- Обезбедува информации до заинтерисираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- Обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготвувањето на нивните програми за развој;
- Обезбедува стручни услуги за здруженијата на граѓани и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;
- Ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион;
- Спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓународни извори;
- Врши промоција на развојните можности на планскиот регион;
- Подготвува годишен извештај за своето работење и истиот го доставува до Советот за развој на Пелагонискиот плански регион и Советите на едниците на локалната самоуправа, во состав на планскиот регион;
- Врши стручни и административни работи за потребите на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион;

## Организациска поставеност

**член 5**

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (во понатамошниот текст: Центарот) има раководител, кој се избира по пат на јавен конкурс.

Раководителот на Центарот го избира Советот за развој на Пелагонискиот плански регион, со 2/3 мнозинство.

Мандатот на раководителот на Центарот е 4 (четири) години, со право на повторен избор.

**член 6**

За раководител на Центарот, може да биде избрано лице, кое ги исполнува следниве услови:

- ги исполнува општите услови за вработување, според Законот за работни односи;
- има минимум 5 (пет) години работно искуство во областа на локалната самоуправа или во државната администрација;
- има завршено VII степен високо образование, од општествените науки (право, економија, политички систем, регионален развој и слично)
- има познавања за рамномерниот регионален развој и системот на локална самоуправа;
- и други услови кои ќе се предвидат со конкурсот .

**член 7**

Раководителот на Центарот ги има следниве надлежности:

- Го претставува и застапува Центарот;
- Го извршува годишниот буџет на Центарот;
- Го предлага годишниот буџет и годишната сметка на буџетот на Центарот;
- Одлучува за вработувањата, правата, должностите и одговорностите на вработените во администрацијата на центарот;
- Донесува правилник за систематизација на работни места во администрацијата на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Пелагонискиот плански регион.

3

- Раководи со администрацијата на Центарот;
- Ги предлага на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион, програми, проекти, извештаи и останати документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион.
- Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот;
- Врши и други работи утврдени со Закон.

**член 8**

Центарот има администрација, која се организира во сектори или одделенија.

Одлуката за организацијата на администрацијата на Центарот ја донесува Советот за развој на Пелагонискиот плански регион, на предлог на раководителот на Центарот.

Правата и обврските на вработените во администрацијата на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работните односи и тие немаат својство на државни службеници.

**Финансирање на Центарот**

**член 9**

Центарот има годишен Буџет, кој се предлага од страна на раководителот на Центарот, а се усвојува од страна на Советот за развој на Пелагонискиот планскиот регион.

Предлог Буџетот на Центарот, мора најдоцна да се достави до Советот за развој на Пелагонискиот планскиот регион, најдоцна до 1 (први) декември, во тековната година, а истиот се усвојува од страна на Советот до крајот на декември во тековната година.

Во случај на недонесување на Одлука за усвојување на Буџетот на Центарот, се донесува Одлука за времено финансирање на Центарот.

Временото финансирање на Центарот, не може да биде подолго од три месеци.

Во случај да во рок од три месеци не се усвои Буџет за финасирање на Центарот за тековната година, се применува Буџетот од претходната година.

4

член 10

Единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Пелагонискиот плански регион, се согласни, да го финансираат тековното работење на Центарот, со што секоја година ќе предвидуваат ставка во своите буџети за финансирање на Центарот.

член 11

Висината на финансиските средства кои ќе ги издвојува секоја единица на локалната самоуправа, која е во состав на Пелагонискиот плански регион, се определува на 6 денари по глава на жител

Висината на финансиските средства кои единиците на локалните самоуправи ги трансферираат за тековното работење на Центарот, може да се промени со Одлука на Советите на единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Пелагонискиот плански регион.

Трансферот на средствата ќе се врши квартално, за секој квартал однапред.

член 12

Раководителот на Центарот доставува годишен финансиски извештај за работа на Центраот до Советот за развој на Пелагонискиот планскиот регион и до Советите на единиците на локалната самоуправа кои се во состав на планскиот регион.

член 13

На предлог на члeновите на Советот или на предлог на раководителот на Центарот, може да се покрене иницијатива за промена на висината на финасиските средства за тековното работење на Центарот.

Преодни и завршни одредби

член 14

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион, ќе се основа во моментот кога сите Совети на единиците на локалната самоуправа од Пелагонискиот плански регион ќе ја усвојат оваа Одлука за основање на Центарот.

5

член 15

Најдоцна во рок од три месеци од усвојувањето на ова Одлука, од страна на сите Совети на единици на локалната самоуправа, треба да се изврши избор на раководител на Центарот од страна на Советот.

член 16

Заради имплементација на член 62 од Законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, Градоначалниците на единиците на локалните самоуправи од Пелагонискиот плански регион и министерот за локална самоупрва, во најкраток можен рок ќе потпишат Договор за кофинансирање за тековното работење на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион.

член 17

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општините: Битола, Демир Хисар, Долнени, Крушево,Кривогаштани, Могила, Новаци, Прилеп, Ресен.

Број 08-1957/4
07.02.2008 год.
Битола

Совет за развој на Пелагонискиот плански регион
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Владимир Талески**

**С О Д Р Ж И Н А**

*на "Службен гласник на Општина Прилеп"*
*број 4 од 18.03.2008 година*

1. Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Прилеп за 2007 година. ..........**Стр.1**

2. Завршна сметка на Буџетот на ЕЛС Прилеп за 2007 година. ..........**Стр.1**

3. Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на Советот на Општина Прилеп во 2007 година. ..........**Стр.5**

4. Заклучок за усвојување на Извештајот за изршените работи по Програмата за комунално уредување на Општина Прилеп за 2007 година, Програма ЈД - изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици. ..........**Стр.5**

5. Одлука за утврдување Нацрт урбанистички план вон населено место, за изградба на индустриски комплекс на Регионалниот пат Р-516 Прилеп - Крушево, М.В."Разлеиште во Општина прилеп. ..........**Стр.6**

6. Програма за изменување и дополнување на Програмата за донесување урбанистички планови на територијата на Општина прилеп за 2008 година. ..........**Стр.7**

7. Заклучок за усвојување на Одлуката за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион. ..........**Стр.8**

8. Решение за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за 2007 годи..........**Стр.8**

9. Одлука за ослободување од надоместок за прокоп на улици и водење на инсталации низ трупот на патот како и надоместок за надзор над градежните работи и прокопот на улиците по Проектот "Реконструкција на водоводната и канализационата мрежа во Прилеп"..........**Стр.9**

10. Решение за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП "Пазари" - Прилеп за 2007 година. ..........**Стр.10**

11. Решение за усвојување на Извештајот за реализација на Оперативниот план на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за 2007 година. ..........**Стр.10**

12. Решение за давање согласност на Завршната сметка на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за 2007 година. ..........**Стр.11**

13. Решение за давање согласност на Завршната сметка на "Терминал - Комуналец" ДООЕЛ - Прилеп за 2007 година.......... ..........**Стр.11**

14. Решение за давање согласност на Извештајот за финансиското работење на ЈП за ПУП - Прилеп за 2007 година. ..........**Стр.12**

15. Решение за усвојување на Годишниот извештај за настанатите пожари и други непогоди за 2007 година. ..........**Стр.12**

16. Решение за разрешување и именување членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата. ..........**Стр.13**

**АКТ ОД СОВЕТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**

17. Одлука за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион. ..........**Стр.14**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.